РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 15-20319/4-14
08-01-2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14 и 130/14), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии и втор циклус двегодишни студии по Туризам на Факултетот за туризам, Менаџмент на човечки ресурси на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Претприемачки бизнис на Факултетот за претприемачки бизнис, Меѓународен маркетинг и менаџмент на Факултетот за меѓународен маркетинг и менаџменти Економија на Економскиот факултет при Приватната високообразовна установа –Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии и втор циклус двегодишни студии по Туризам на Факултетот за туризам, Менаџмент на човечки ресурси на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Претприемачки бизнис на Факултетот за претприемачки бизнис, Меѓународен маркетинг и менаџмент на Факултетот за меѓународен маркетинг и менаџменти Економија на Економскиот факултет при Приватната високообразовна установа –Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиените, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр. Решение бр.15-172/4 од 18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Туризам, прв циклус тригодишни студии на Факултетот за туризам, Решение бр.15-172/5 од 18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Туризам, втор циклус двегодишни студии на Факултетот за туризам, Решение бр.15-172/12 од 19.12.2014 година за акредитација на студиската програма Менаџмент на човечки ресурси, прв циклус тригодишни студии на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Решение бр.15-172/13 од 19.12.2014 година за акредитација на студиската програма Менаџмент на човечки ресурси, втор циклус двегодишни студии на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Решение бр.15-172/10 од 18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Претприемачки бизнис, прв циклус тригодишни студии на Факултетот за претприемачки бизнис, Решение бр.15-172/11 од

18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Претприемачки бизнис, втор циклус двегодишни студии на Факултетот за претприемачки бизнис, Решение бр.15-172/7 од 18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Меѓународен маркетинг и менаџмент, прв циклус тригодишни студии на Факултетот за меѓународен маркетинг и менаџмент. Решение бр.15-172/6 од 18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Меѓународен маркетинг и менаџмент, втор циклус двегодишни студии на Факултетот за меѓународен маркетинг и менаџмент, Решение бр.15-172/8 од 18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Економија, прв циклус тригодишни студии на Економскиот факултет и Решение бр.15-172/9 од 18.12.2014 година за акредитација на студиската програма Економија, втор циклус двегодишни студии на Економскиот факултет, Приватната високообразовна установа –Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, се обрати со барање бр. 03-430/1 од 17.12.2014 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-20319/1 од 22.12.2014 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток на студиските програми од прв циклус тригодишни студии и втор циклус двегодишни студии.

Министерот за образование и наука, со решение 13-20319/2 од 24.12.2014 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 26.12.2014 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 13-20319/3 од 29.12.2014 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус тригодишни студии и втор циклус двегодишни студии по Туризам на Факултетот за туризам, Менаџмент на човечки ресурси на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Претприемачки бизнис на Факултетот за претприемачки бизнис, Меѓународен маркетинг и менаџмент на Факултетот за меѓународен маркетинг и менаџменти Економија на Економскиот факултет при Приватната високообразовна установа –Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
-Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Марика Парцанова
одобрил: д-р Агим Рушити